**БАРАЊЕ 23-5664**

1. Колкав е вкупниот износ што Општината го потрошила во 2025 година за организирање на забавни, културни или музички манифестации?
2. Колкав дел од овие средства потекнува од општинскиот буџет, а колкав од спонзорства, донации или други извори?
3. Наведете ги сите забавни и културни манифестации што се одржале во Општината во текот на 2025 година

4. За секој настан наведете:
   - Назив на манифестацијата
   - Изведувачи / забавувачи (пејачи, бендови, диџеи, водители итн.)
   - Дали се домашни или странски уметници
   - Износ на хонорар или надомест исплатен на секој изведувач
   - Организатор (ако е ангажирана надворешна агенција или продукција)
   - Износ исплатен на организаторот
5. Доколку имало ангажирани странски изведувачи, наведете:
   - Име на изведувачот / групата
   - Износ на ангажманот
   - За која манифестација бил ангажиран
   - Дали биле покриени дополнителни трошоци (пат, сместување, дневници итн.)
6. Дали постои посебен буџет за поддршка на локални уметници и млади таленти, одделен од буџетот за големи манифестации?

**ОДГОВОР 23-5664**

1. Вкупниот буџет предвиден за 2025 година за организирање на забавни, културни и музички манифестации е во вкупен износ од 8.000.000,00 денари До сега Општина Кавадарци има потрошено 800.000,00 денари за организирање на забавни, културни и музички манифестации.
2. Горенаведените финансиски средства се целосно од општинскиот буџет.
3. Во тековната 2025 година, поголеми настани кои се оддржани се: Тиквешки Гроздобер, Св.Трифун и Културно лето, а настанот Нова Година ќе се оддржи на крајот од тековната година. За настаните Св.Трифун и Културно лето од општинскиот буџет се потрошени 800.000,00 денари.
4. Во прилог Ви доставуваме програма и буџет за настаните, Св.Трифун и Културно лето, а за настанот Тиквешки Гроздобер Ви доставуваме само програма, поради тоа што финансовиот извештај за овој настан заради изборниот процес , сеуште не е изгласан на Совет.
5. Во доставените програми и буџети може да ги најдете информациите, (изведувачи, манифестации, настани и одвоен буџет.)
6. Да, постои, локалните уметници се поддржани преку програмата за невладин сектор , а младите таленти се поддржани преку програмата на секторот за образование при општината.